ВО ПРЕСРЕТ НА 18. ИЗДАНИЕ НА ШОУТО

# Цртежот на "Златна бубамара" без карикатури




Манифестацијата "Златна бубамара на популарноста" го објави цртежот за славеничкото издание на шоуто, кое ќе се одржи на 19 февруари, во Универзалната сала во Скопје. Оваа година, за разлика од другите, недостигаат карикатури од македонските јавни личности.

Со годинашното мото "Смеете да се смеете" и "Забавата е на наш грб", тимот на радиото "Бубамара", во свој шеговит стил, го прикажува бројот 18 на импровизираните монетите од 1 и 8 денари. "Златна бубамара" годинава го слави полнолетството, 18 години. И оваа година, ќе бидат наградени најдобрите од македонскиот и од балканскиот јавен живот, а водител ќе биде Сашко Коцев. Сценариото и специјалните гости се држат во тајност за изненадување на публиката.

**(М.Ц.)**



# Владо Георгиев: Ја сакам Есма цел живот

*Можно е Есма да биде дел од гостите на неговиот концерт, кој ќе се одржи на 14 февруари, во арената "Борис Трајковски" во Скопје*

Црногорскиот кантавтор Владо Георгиев, завчера, во Скопје, ја запозна Есма, кралицата на ромската музика. Есма и Владо се дружеа на вечера, на негова желба.

"Целиот живот моето семејство ја сака и ја слуша музиката на Есма. Воодушевен сум од неа", изјави Георгиев.

Можно е Есма да биде дел од гостите на неговиот концерт, кој ќе се одржи на 14 февруари, во арената "Борис Трајковски" во Скопје. На вечерата, Владо и Есма разговарале дека во иднина би можеле да снимат дует. **(М.Ц.)**


